*Република Северна Македонија*
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Архивски број: 02-1000/1
Дата: 19.12.2024 година

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на снимање и управување со видео записи од состаноци на телата и органите на Комората

декември 2024, Скопје

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува постапката за начинот на снимање и управување со видео записи од состаноци на телата и органите на Комората Комората на овластени архитекти и овластени инженери (во натамошниот текст: Комората), како и начинот за добивање согласност за снимање и добивање пристап до податоци кои произлегуваат од остварување на правата на субјектите на личните податоци.

**Член 2**

Состаноците на телата и органите на Комората кои се одржуваат хибридно со комбинирано физичко присуство и телеконференциски и само преку телеконференциска врска се снимаат за потребите на изработка на записник од состанокот и се чуваат на безбедна локација со ограничен пристап не подолго од 10 (десет) дена по завршување на состанокот, освен во случаи предвидени во член 5, став 4 на овој Правилник.

**Член 3**

Организатор на состанок хибриден или само преку телекоференциска врска може да биде овластено лице од Комората, раководител или заменик раководител на струково одделение, претседател или заменик претседател на комисија или работна група формирана со акт/одлука на Управниот Одбор или Претседателот на Комората.

**Член 4**

**Согласност од субјектите на снимање**

Членовите на Комората и други поканети гости кои присуствуваат на хибриден или состанок организиран само преку телеконференциска врска, при поврзување на соодветниот канал добиваат нотификација во форма на поп-ап порака дека состанокот се снима. Доколку се согласуваат со снимањето потребно е да го кликнат копчето за потврда и автоматски да се вклучат на состанокот, во спротивно потребно е да го известат организаторот на состанокот дека не се согласни да бидат снимени или да го напуштат каналот на кој се одржува состанокот.

По добиеното барање, организаторот на состанокот одлучува дали состанокот ќе продолжи без снимање, ќе продолжи со отсуство на барателот за неснимање или ќе се презакаже на друг начин.

**Член 5**

**Управување со видео записи**

Снимањето се одвива преку соодветна апликација за спроведување телеконференциски состаноци и податоците се запишуваат во облак во енкриптиран формат. Апликацијата не прави автоматски транскрипт.

Пристап до снимките има овластеното лице од Комората и организаторот на состанокот. Пристап до снимките може да се обезбеди на трето лице исклучиво по барање на организаторот на состанокот доколку тој назначи конкретно лице за составување записник врз основа на видео снимката.

Снимките во енкриптиран формат на апликацијата во облак се чуваат 10 (дена) по завршувањето на состанокот, односно по изготвување на заспиник од состанокот. По истекот на тој период, снимките автоматски се бришат.

Исклучок на правилото за бришење на снимки може да бидат снимки од настани или состаноци кои имаат историска или документарна вредност за Комората и тоа се утврдува со посебна одлука донесена од Управниот Одбор или Претседателот на Комората.

## Член 6

## Обработка на личните податоци

Обработката на личните податоци добиени од видео записите на одржаните состаноци се врши во Согласност со законот за заштита на личните податоци (Службен Весник на РСМ бр.42/20 и 294/21) и Процедурата за правата на субјектите на личните податоци бр.02-928/1 донесена на 4.12.2024 година од страна на Управниот Одбор на Комората.

## Член 7

Оваа Процедура стапува на сила по Усвојување од страна на Управниот Одбор на Комората.

Претседател на Комората

М-р Кристинка Чулак